Друштво за трговија и услуги
КИА МОТОРС МАЦЕДОНИА ДОО увоз-извоз
Бр. 03/36
22/03/ 2021 год.
СКОПЈЕ

*Република Северна Македонија*
*ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ*
*Су 02.бр.-10-5/2020*
*18.03.2021година*
*К а в а д а р ц и*

# Д О Г О В О Р

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

склучен на ден 18.03.2021 година, помеѓу следните:

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**, ул.,,Нов Белград,, бр.16 , со ЕМБС 4021959, застапуван (о) од Претседателот на судот д-р Лазар Нанев
(во понатамошниот текст Набавувач-Нарачувач) од една страна,

и

**Друштво за трговија и услуги КИА МОТОРС МАЦЕДОНИА ДОО увоз-извоз Скопје ,** со седиште на ул.,,Перо Ников,, бр.25 Скопје, со ЕМБС 5479363, застапуван (о) од управителот Владимир Билбилов од Скопје
(во понатамошниот текст Носител на набавката-Добавувач) од друга страна.

**Член 1**

**Предмет на договорот**

Предмет на овој договор е набавка на патничко мотор возило марка KIA SPORTAGE 1.6 T-GDI.

**Член 2**

**Цена**

Цената за набавка на патничкото моторно возило KIA SPORTAGE 1.6 T-GDI изнесува 1.016.949,15 денари без пресметан ДДВ 18% или вкупна цена од 1.200.000,00 денари со пресметан ДДВ 18%.

**Член 3**

**Начин, услови и рокови на плаќање**

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го изврши, на начин определен во тендерската документација.

Набавувачот-нарачувачот се обврзува плаќањето на цената од чл.2 на овој договор на Добавувачот да го изврши во рок од 15 дена по приемот на фактурата во архивата на Набавувачот, на сметка и банка за која писмено ќе го извести Добавувачот, а по претходно извршена достава на испорачаната стока-патничкото моторно возило.

**Член 4**

**Обврски на нарачателот**

Нарачателот се обврзува дека ќе ја плати вкупната цена која е определена во чл.2 од овој договор на начин определен во чл.3 од овој договор, за што ќе потпише испратница за испорачаната стока.

Овластено лице за прием на стоката-возилото за нарачателот е Горан Ивановски -координатор за техничко одржување во Основен суд Кавадарци .

**Член 5**

**Обврски на носителот на набавката**

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ја испорача стоката -патничкото моторно возило KIA SPORTAGE 1.6 T-GDI по цена определена во чл.2 и ќе достави испратница и фактура.

**Член 6**

**Јазик на договорот**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

**Член 7**

**Динамика, начин и рок на испорака на стоките**

Добавувачот е должен испораката на стоката – патничкото моторно возило да го изврши во рок од 3 (три дена) од денот на склучувањето на договорот за јавна набавка.

Испораката и монтажата на стоката се смета за извршена со потпишување на испратница од овластеното лице на Добавувачот и овластеното лице на Набавувачот.

Стоката ќе биде испорачана до Основен суд Кавадарци без дополнителни трошоци.

**Член 8**

**Гаранција**

Гарантниот рок на стоката-патничкото моторно возило KIA SPORTAGE 1.6 T-GDI изнесува минимум 5-пет години еврогаранција или поминати 150.000,00 км.

Носителот на набавката има обврска на нарачателот да му предаде документ за гаранција со кој производителот го гарантира исправното функционирање на стоката-патничкото моторно возило во текот на гарантниот рок, кој започнува да тече сметајќи од денот на предавање на стоката на нарачателот.

Доколку стоката не функционира исправно, во текот на гарантниот рок, нарачателот може да бара од носителот на набавката да ја поправи стоката-возилото во разумен краток рок за кој ќе се договорат двете страни, а доколку не со поправа да ја замени со нова стока-возило.

**Член 9**

Носителот на набавката се обврзува дека стоката- патничкото моторно возило ги исполнува сите условите определени во техничките спецификации наведени во тендерската документација на понудата.

При приемот на стоката -патничкото моторно возило од страна на Нарачателот, пред потпишувањето на испратницата, овластеното лице Горан Ивановски е должен да провери дали стоката – патничкото моторно возило е во согласност со тендерската документација и понудата.

**Член 10**

**Раскинување на договорот**

Овој договор може да се раскине кога една од договорните страни нема да ги исполни своите обврски.

Договорната страна која не може да ги исполни обврските од договорот е должна на другата страна да и ги соопшти причините за неисполнување на обврските и да бара раскинување на договорот.

**Член 11**

Овој договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја странка.

| | |
|---|---|
| **НАБАВУВАЧ**<br>**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**<br><br>**К а в а д а р ц и**<br><br>**Претседател на судот**<br>**д-р Лазар Нанев** | **ДОБАВУВАЧ**<br>**Друштво за трговија и услуги КИА МОТОРС МАЦЕДОНИА ДОО увоз-извоз Скопје**<br>**С к о п ј е**<br><br>**Управител**<br>**Владимир Билбилов** |